# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

16 јуни 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 7



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3859/1**
**од 16 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Гази Баба на 13-та седница одржана на 15.06.2026 донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2026 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421120 | Водовод и канализација | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 421210 | Централно греење | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-3596/3
15.06.2026

Претседател на Советот на Општината
**Виктор Трпевски**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ, ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ОБЈЕКТОТ "КОКИЧЕ" ВО СОСТАВ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 15 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3859/2**
**од 16 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 102-а став (1) и став (3) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 62 став (1), а во врска со член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со позитивно мислење од Министерството за социјална политика, демографија и млади, бр.11-4380/5 од 15.06.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на тринаесеттата седница одржана на 15 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСНОВАЊЕ, ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ОБЈЕКТОТ "КОКИЧЕ" ВО СОСТАВ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со ова одлука се основа објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Објектот "Кокиче' во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, отпочнува со работа и вршење на дејност во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 3**

Објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се наоѓа во населено место Трубарево - Општина Гази Баба на КП бр.171/5 КО Трубарево, со нето површина од 663 м$^2$, односно бруто површина од 718 м$^2$.

**Член 4**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје и Министерство за социјална политика, демографија и млади за отпочнување на постапка пред надлежното министерство за издавање на решение за вршење на дејност на објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а одредбата од членот 2 од оваа одлука ќе започне да се применува по добивање на решение за вршење на дејност во постапка утврдена со закон.

**Број 09-3596/4**
**од 15 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ**
**ОДДЕЛЕНИЕЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА**
**И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Секторот за инспекциски работи - инспекторат преку овластениот инспектор за животна средина на Општина Гази Баба, врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка (''Службен весник на Република Македонија'' бр.124/15), врши достава на акти преку

## ЈАВНА ОБЈАВА
## На Записник и Решение со број ИП1 33-178 од 20.04.2026

Општина Гази Баба-Скопје
Сектор за инспекциски работи-Инспекторат
Ул.„Архимедова", бр.2, 1000 Скопје

**ЗАПИСНИК**
**ЗА ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**
ИП1 бр 33-178
Датум 20.04.2026 год

1) Податоци за субјектот на инспекциски надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Непознат сторител | |
| Седиште/адреса на субјектот | / | |
| Адреса е-пошта | / | |
| Телефон | / | |
| Матичен број на субјектот | / | |
| Даночен број на субјектот | / | |
| Број на жиро сметка на субјектот | / | |
| Банка депонент | / | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Непознат сторител | / | |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | ________20__ во______часот | 20.04.2026 Во 17.00 часот | ________20__ во______часот |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | ________20__ во______часот | 20.04.2026 Во 17.30часот | ________20__ во______часот |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши инспекцискиот надзор | / | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. Анри Барбис | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

1. Месечен план за работа на инспекциската служба за месец ____________ од 20_-година;
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр ________, од 20___година,
3. Налог издаден од Претседателот на Инспекцискиот совет, бр ________, од 20____година,
4. Записник/решение за извршен инспекциски надзор број ип1-33-178, од 20.04.2026 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

1. Александра Д. Аврамовска- Виш инспектор- инспектор за животна средина

5) Предмет на инспекцискиот надзор

Предмет на инспекциски надзор - оставање на отпадни возила на јавна површина
-Врз основа на Закон за постапување со дополнителни текови на отпад , член 6 став 5.
-Закон за инспекциски надзор

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој Записник

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| / | | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | Бојан Спасиќ | Комунален редар |
| 2. | | |

9) Инспекторот/ите кој/ и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни/ја правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

При вршење на надзор констатирано е дека од страна на непознато лице оставено е отпадно возило марка Опел корса со зелена боја и регистерски таблички SK-197-RS, на јавна површина-зеленило, на улица Анри Барбис спротивно на член 8 став 5 од Законот за постапување со доплитени текови на отпад. Истото е фотодокументирано и означено со налепница со рок од 10 дена за отстранување од јавната површина и оставена е покана да се јави во Инспекторат на Општина Гази Баба.

врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;
2. Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, заштo се превземени следните мерки:

- **Ќе се донесе Решение со рок од 10 дена за отстранување на отпадно возило од јавна површина**

11) Со содржината на овој Записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзор, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзор:

- ______
- ______

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор | | Печат и потпис на инспекторот | |
| Датум: | | | |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише Записникот, да се наведат причините.

______

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА
И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА -

Бр. ИП1 33- 178 од 20.04.2026 год.

Општинскиот инспектор за заштита на животна средина на Општина Гази Баба, постапувајќи по службена должност, врз основа на чл. 8 став 5. од Законот за управување на посебни текови на отпад ( Сл. Весник РСМ бр.216/21 и 19/22) и Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.102/19 год го донесува следното

**РЕШЕНИЕ**

Непознато лице-сторител, сопственик на возило марка Опел корса, зелена боја, со регистерски таблички SK-197-RS, оставено на јавна површина на ул. Анри Барбис, Скопје, **СЕ ОПОМЕНУВА**.

1. Во рок од 10 дена да го отстрани возилото оставено на јавна површина на ул. Анри Барбис;
2. Доколку не се постапи по ова Решение, овластениот инспектор за животна средина на општина Гази Баба ќе постапи согласно Законот за инспекциски надзор како и прекршочните одредби од Законот за управување со дополнителни текови на отпад
3. Жалбата не го одложува извршувањето на ова Решение

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

При вршење на надзор констатирано е дека од страна на непознато лице оставено е отпадно возило марка Опел корса со зелена боја и регистерски таблички SK-197-RS, на јавна површина-зеленило, на улица Анри Барбис спротивно на член 8 став 5 од Законот за постапување со доплитени текови на отпад. Истото е фотодокументирано и означено со налепница со рок од 10 дена за отстранување од јавната површина и оставена е покана да се јави во Инспекторат на Општина Гази Баба.

Од овие причини е одлучено како во диспозитивот на решението.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена, од денот на приемот на истото, до Надлежен орган за одлучување во втор степен .

Александра Димитриевска Аврамовска
Општина Гази Баба
Раководител [illegible] одделение за комунална инспекција и [illegible] животна средина

**СЕ ПРЕДУПРЕДУВА** непознатото лице сопственик на возило Опел корса зелена боја со регистерски таблици SK-197-RS дека наведениот начин се смета за уредна достава и дека правните последици кои можат да настанат ќе ги сноси странката.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Александра Димитриевска Аврамовска
Виш инспектор за животна средина

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ЈАВНА ОБЈАВА** од сектор за инспекциски работи - инспекторат . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/26**
**13 седница**

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци